Врз основа на член 384 од Законот за трговски друштва и член 44 од Статутот на Тетекс АД Тетово, Собранието на акционери на Друштвото на својата седница одржана на ден 23.04.2025 год. ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за распоред на добивка по завршна сметка за 2024 год и нејзина употреба

*член 1*

Согласно Годишната сметка за 2024 година на Тетекс АД Тетово, добивката по оданочување изнесува 69.254.439,00 денари.

*член 2*

Се одобрува остварената добивката после оданочување на Тетекс АД Тетово за 2024 год од 69.254.439,00 денари да се распореди за следните намени :

- износ од 3.462.722,00 денари, кој што се внесува во законски резерви на Друштвото.

- износ од 21.600.672 денари кој што се исплатува во вид на дивиденда на имателите на акции.

- износ на нераспоредена добивка 44.191.045,00 ден.

*член 3*

Се одобрува учество во добивката за 2024 година на Извршните директори на Друштвото, во износ уреден со член 6 од нивните Договори за уредување на односите меѓу Друштвото и извршните директори и одредбите на ЗТД. Одобреното учество во годишната добивка на
друштвото се пресметува на делот од годишната добивка што останува по намалувањето на остварената добивка за износите што се издвојуваат за законски и за статутарни резерви.

*член 4*

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери на Тетекс АД Тетово

Претседавач